## Дневни билтени



## Извадок на дел од дневни настани 19.03.2019

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.С.(37) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори“. На 23.11.2018 во Куманово полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Во текот на изминатиот ден (18.03.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 39 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 23 возачи од кои: 17 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и шест возачи биле возачи-почетници. Исто така, исклучени

од сообраќај се и 19 возила бидејќи 14 биле нерегистрирани и пет возила биле технички неисправни. Санкционирани се пет возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, шест возачи поради неправилно престројување, еден возач поради неправилно престигнување, еден возач поради недавање првенство на минување на возила во зона на крстосница, пет возачи на моторцикли поради неносење заштитен шлем, шест возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 20 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се тројца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 90 мандатни платни налози и 66 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 12 сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди, а пет лица поминале со телесни повреди.

На 18.03.2019 во 23.00 часот на Граничниот премин „Табановце‟ , при проверка на лицето Л.А.(22) од Република Албанија, било констатирано дека се наоѓала на листата со мерка „′забрана за влез′′ до 09.09.2020. Таа била приведена и предадена на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 18.03.2019 во 23.30 часот на Граничниот премин „Табановце‟, на излез од РСМ, при проверка на лицето О.Е.(43) од Република Албанија, било констатирано дека лицето остварило илегален влез. Лицето било приведено и предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 18.03.2019 година во 11.10 часот на крстосница од улиците „11-ти Ноември‟ и „Васил Главинов‟ во Куманово, патничко возило „Голф‟ со кумановски регистарски ознаки, управувано од С.Р.(65) од село Липково, удрило во мопед „Кавасаки‟ со белгиски национални ознаки, управуван од А.А.(26) од село Челопек, кумановско и паркирано патничко возило „Ауди‟ со швајцарски национални ознаки, сопственост на Ф.М.(32) од Куманово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил А.А. на кој му била укажана помош во болницата во Куманово. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

На 18.03.2019 во 17.00 часот на улица „Нов живот‟ во Скопје, мотоцикл „Кавасаки‟ со скопски регистарски ознаки, управуван од З.И.(43) од Скопје, излетал од патот и удрил во бандера. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил возачот, кој бил пренесен во Градската општа болница „8-ми Септември‟, каде му била укажана помош,. Додека, сопатничката С.И.(34) од Скопје се здобила со телесни повреди и по укажанат помош во комплексот клиники „Мајка Тереза‟ била пуштена на домашно лекување. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 18.03.2019 во 14.30 часот во Полициското одделение Матејче било пријавено дека на место викано „Влаи Гроб‟, атар на село Матејче, Скопска Црна Гора настанал пожар во кој горела нискотеблеста шума и сува трева. На 19.03.2019 во 08.00 часот пожарот бил локализиран од екипи на Територијалната противпожарна единица Куманово и ЈП „Македонски шуми‟.

На 18.03.2019 околу 13.30 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека настанал пожар во близина на караула „Коњарево‟, под село Старо Коњарево, струмичко, кој зафатил површина од околу 1,5 хектари нискостеблеста шума и папрат. Во 16.30 часот пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица-Ново Село.

На 18.03.2019 во 11.30 часот било пријавено дека во село Вакуф, кратовско, маало Портарци, настанал пожар на отворен простор кој зафатил околу еден хектар сува трева, нискостеблеста шума и тополи. Пожарот бил изгаснат околу 12.40 часот од екипа на

Територијалната противпожарна единица Кратово. Увид извршила екипа од Полициската станица Кратово.

На 18.03.2019 во 14.15 часот во Полициската станица Центар, Д.С.(35) од Скопје пријавил дека на 17.03.2019 година околу 02.00 часот на булевар „Партизански Одреди" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 18.03.2019 во 14.20 часот во Полициската станица Центар, Г.Ч.(71) од Скопје пријавил дека истиот ден во 12.00 часот на улица „11-ти Октомври" бил каснат од куче скитник во пределот на десната нога.

На 19.03.2019 во 00.30 часот на Граничен премин „Ќафасан", од слобода бил лишен и задржан во полициска станицаТ.С(19) од Тирана, Република Албанија. При преглед во автобус со тетовски регистарски ознаки, на седиштето каде што седел, под неговиот ранец била пронајденакеса со марихуана. Дрогата била одземена и дадена на вештачење, а по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.03.2019 во 02.40 часот во близина на граничен камен 55/4, при обид нелегално да ја помине државната граница помеѓу Република Грција и РС Македонија, полициски службеници го лишиле од слобода и привеле лицето З.П.(44) од Нови Сад,Република Србија, со живеалиште во Кленак,општина Рума. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена прекршочна пријава.

На 18.03.2019околу 20 часот на улица „Шуматовска" во Гостивар од слобода бил лишен И.А.(52) од Гостивар. При преглед кај него полициски службеници пронашле хероин. И.А. бил задржан во Полициската станица Гостивар, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистичи работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против С.С.од село Ореоец, Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со огнено оружје или распркувачки материи". На 11.02.2019 во село Ореоец, Македонски Брод, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавената, при што пронашле и одзеле пиштол „ФН Бровинг" калибар 7.65 мм и рамка со 5 куршуми, за кои не поседувала соодветна дозвола.

На 18.03.2019околу 17.00часот во Секторот за внатрешни работи Тетово било пријавено дека Б.С.(63) од Гостивар, на неговиот фејсбук профил објавил статус со расчистичка и ксенофобична содржина.Б.С. бил приведен во Полициската станица Гостивар, а по целосно расчистување на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола на 18 март извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас и светло. При контролата, исконтролирани се вкупно 394 возила и возачи и било констатирано дека 24 возачи ја надминале дозволената брзина, осум возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле четири возила и на мобилен телефон разговарале пет возачи, додека три  возачи не користеле сигурносен појас.

На 18.03.2018 во 13.30 часот на улица „Радован Ковачевиќ" во Скопје, непознато возило, управувано од непознат возач, удрило во седумгодишно дете одсело Гошинце, општина Липково, по што го напуштил местото. Детето се здобило со повреди и било пренесено вокомплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје каде му била укажана лекарска помош. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возилото и возачот и за целосно расчистување на случајот.

На 19.03.2019 во 00.50 часот во СВРСкопје,М.С.(47) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 00.30 часот во угостителски објект на улица „Благоја Стефковски"физички бил нападнат од Х.Б.(43) и Ф.Б.(47),двајцата од Скопје. Сочинет записник за констатиран прекршок по член12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 18.03.2019 во 19.00 часот во СВРСкопје Х.К.(57) од село Требиште, Република Албанија пријавил дека истиот ден околу 18.00 часот на меѓуградската автобуска станица бил измамен од непознато лице. Според пријавеното, непознатиот сторител му побарал да му даде албански леки за да ги покаже на некое лице по што ќе му ги врати. Х.К. му дал 50.000 леки и 500 евра, а лицето му дало рачен часовник, заминало и не се вратило. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 18.03.2019 во 18.30 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека кај село Нов Истевник имало пожар во кој била зафатена дабова и борова шума на поголема површина. Од страна на вработени во ШС-„Голак" пожарот бил локализиран и ставен под контрола.

На 18.03.2019 на подрачјето на Полициската станица Македонски Брод биле пријавени шумски пожари на место викано „Вардиште",атар на село Долно Крушје;место викано „Рамне Локвичко" атар на село Локвица и место викано „Синкоец",атар на село Грешница, каде горела сува трева, лисна простилка, грмушки и нискостеблеста шума, а на местото викано „Кичин",атар на село Долно Ботушје горела сува трева и нискостеблеста шума. Екипи на ЈП„Македонски шуми", ШС– „Сандански" – Македонски Брод и Територијалната противпожарна единица-Македонски Брод преземаат мерки за гаснење на пожарите.

На 18.03.2019 во 10.30 часот во СВРСкопје А.Т.(20) од Скопје, пријавил дека на 17.03.2019 година околу 20.00 часот на улица „Анастас Митрев" физички бил нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 18.03.2019 во 14.00 часот во СВРСкопје Д.М.(19) од село Кучевиште, скопско,пријавил дека на 17.03.2019 околу 23.30 часот во кафе бар во село Побожје бил физички нападнат од страна на А.С. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 18.03.2019 во 21.30 часот во СВРСкопје,А.М.(40) од Скопје пријавил дека во периодот од 16.03. до 18.03.2019 година од плац на фирма на улица „Јадранска магистрала" непознат сторител го одзел неговото патничко возило „Мерцедес", кое било оставено со оригиналниот клуч на бравата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 18.03.2019 во 17.00 часот во СВР Штип било пријавено дека бил забележан пожар од село Вирче кон државната граница - ГК 64 и 65, при што горела сува трева, смрека, трње, борова и дабова шума.Екипи од Територијалната противпожарна единица Делчево и ШС „Голак" од Делчевопреземаат мерки за гаснење на пожарот.
На 18.03.2019 во 12.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на патот кон Маркова сушица настанал пожар и горела нискостеблеста шума. Во пожарот била опожарена викендичка, сопственост на И.С.(76) од Скопје, а биле зафатени и возила „Хонда" и „Дефендер", сопственост на У.Р. (65) од Скопје. Пожарот бил изгаснат,а увид се врши.

На ден 18.03.2019 во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека во периодот од 15.30 часот на 15.03.2019 до 09.00 часот на 18.03.2019 непознат сторител извршил тешки кражби во две приватни здравствени установи сместени во Здравствен дом на улица „Огњан Прица" во Скопје и одзел повеќе видови ампули,шприцеви и игли за шприцеви, како и други разновидни лекови и предмети. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителот и за целосно расчистување на случајот.

На 18.03.2019 во 16.00 часот во СВРСкопје на булевар „Крсте Мисирков" полициски службеник бил удрен од патничко возило „Фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ш.М.(28) од с. Арачиново, скопско. Имено, при обид на полициски службеници да го легитимираат Ш.М. заради сообраќаен прекршок, тој одбил и со возилото го удрил полицискиот службеник. Ш.М. е приведен во полициска станица и против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистичи работи Кавадарци поднесе кривична пријава против Б.М.(50) од село Ваташа, кавадаречко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба". На 03.03.2019 околу 16.30 часот во село Паликура, кавадаречко, на место викано „Долна Лака", С.И.(57) од село Паликура го затекнал Б.М. како сече дрва и се обидел да го спречи. После тоа, Б.М со моторна пила упатил закани по неговиот живот, ги натоварил исечените дрва во неговото возило, но полициски службеници го спречиле да замине од местото.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)